| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **Осигурување** |
| **2.** | **Код** | 50835 |
| **3.** | **Студиска програма** | Деловно право |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св.Кирил и Методиј“ Скопје |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус |
| **6.** | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар / **7. Број на ЕКТС кредити** 6 |
| **8.** | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев<br>доц.д-р. Биљана Петревска |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | нема |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | |

Цел на предметната програма Осигурување е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за оваа правна дисциплина и специфични вештини за примена на ова право во практиката.

Посебни задачи на оваа програма се:

- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на правото за осигурувањето,
- да развиваат вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со осигурувањето.
- студентите да се стекнат со суштинско познавање на правото на осигурување во врска со структурите и регулирањето на осигурувањето.
- да ги запознае студентите со анализата на осигурувањето според регулативите на Република Македонија и на земјите-членки на Европската унија.
- да ги запознае студентите со проблемите на правната ефикасност кои произлегуваат од остварувањето на осигурувањето.
- да ги запознае студентите со критичка и контекстуална анализа на идеолошките и правните фактори кои се решавачки за вршењето на дејност на осигурување.
- студискиот програм е наменет за комуникација и цели кон запознавање на студентите со можностите за подобрување на нивните јазични вештини со посебен акцент на нивно сопствено производство и правна терминологија.
- студентите да се стекнат со сите практични вештини преку соочување со хипотетички ситуации, слични на оние со кои ќе се соочуваат во нивното професионално искуство.
- друга цел на студиската програма е студентите да се стекнат со потребни знаења за осигурувањето кое во денешно време се смета за основе предуслов за

| | |
|---|---|
| | економска и социјална сигурност како на првните така и на физичките лица, за развој на инвестициската активнос, Нивните знаења посебно ке бидат потребни за компетентно работење во областа на осигурување.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма Осигурување ќе ги обработи теоретските аспекти на правото за осигурувањето, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои се регулира тоа.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на правото за осигурувањето од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** |
| | Осигурувањето е гранка на правниот систем што ги опфаќа правните правила со кои се регулира правото за осигурувањето. Предметот ги анализира поимот на осигурување, развојот на осигурувањето; значењето и улогата на осигурувањето; мерките што се преземаат во осигурувањето; функцијата на осигурувањето; поределбата на осигурувањето (видови осигурување, класи на осигурување, соосигурување и реосигурување); посредници во осигурување.<br>Право на осигурување - осигуреници; работи на осигурување и работи на реосигурување; класи на осигурување; субјекти кои го вршат осигурувањето - друштвото за осигурување и/или реосигурување, пулови на осигурување и реосигурување; работи на осигурување и на реосигурување; вршење на работи на осигурување надвор од територијата на Република Македонија (вршење на работи на осигурување во земји членки - почеток на вршење, промени во однос на податоците наведени во известувањето, супервизија над вршењето на работи на осигурување во земја членка; извештаи за работењето во земја членка и вршење на работи на осигурување во странска земја); слободно вршење на работи на осигурување од страна на друштво за осигурување од земја членка (друштва за осигурување од земја членка, започнување со вршење на работи на осигурување, супервизија и мерки на супервизија на друштва за осигурување од земја членка); вршење на работи на осигурување од страна на странско друштво за осигурување; филјали; согласност.<br>Основање на друштва на осигурување; форма на друштвото на осигурување; субјекти кои можат да основаат друштво за осигурување; акционери на друштво за осигурување; акционерски капитал; учество и квалификувано учество, поврзани лица (индиректно стекнување).<br>Осигурување, осигурителни брокери; осигурително брокерски работи; вршење на осигурително брокерски работи; осигурителен брокер; услови за издавање и одземање на лиценца за осигурителен брокер; лиценца за осигурителен брокер; обврски на осигурителен брокер; конфликт на интереси; провизија; забрана за посредување; обврски на осигурителните друштва; осигурителни брокерски друштва; дозвола за вршење на осигурително брокерски работи; вршење осигурително брокерски работи во станиците за технички преглед; известување; регистар на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери и осигурителни брокерски друштва; започнување со вршење осигурително брокерски работи од осигурително брокерски друштва од земји членки; странски осигурителни брокерски друштва (филијала на странско осигурително брокерско друштво, дозвола за основање филијала).<br>Управување со друштвата на осигурување; модели на управување; орган на управување на друштвото за осигурување (услови за вршење на функција член на |

органот на управување во друштвото за осигурување, согласност за вршење на функцијата член на орган на управување, одговорности на членовите на органот на управување на друштвото за осигурување, обврска за известување до надзорниот орган; повлекување на согласност за вршење на функцијата член на орган на управување); надзорен орган на друштвото за осигурување (членови и услови за именување за член на надзорен орган на друштвото за осигурување; надлежности на надзорниот орган во друштвото за осигурување; одговорности на членовите на надзорниот орган во друштво за осигурување).

Ликвидација: услови за отворање на ликвидација; органи кои ја спроведуваат ликвидацијата; решение за отворање на ликвидација; содржина на решението за отворање на ликвидација; оглас за отворање на ликвидација; доставување и објавување на решението за отворање на ликвидација; забрана за склучување нови договори; правни последици од ликвидација; биланс за спроведување на ликвидација; права и должности на ликвидаторот; престанок на договори, распределба на имот; известување до Агенција за супервизија на осигурување, бришење на друштво за осигурување. Стечај, причини за донесување решение за постоење на услови за отворање на стечајна постапка, специфичности на стечајна постапка.

Поими – елементи на осигурувањето (ризик, предмет на осигурување); договори за осигурување и општи услови на полиси; субјекти во договорот за осигурување; скличување на договорот за осигурување; видови на договорот за осигурување; правни односи од договорот за осигурување (права и должности на договорни страни, обврски на договорот на осигурувањето и на осигуреникот, утврдување штета, обврски на осгурителотподнесување на оштетно барање, поднесување потребни документи, записници и кореспонденција со превозникот, извештај за преглед на штета, утврдување на штета во контенејрски превоз, фактура за продадена стока, надомест за штета, право на суброгација).

Управување со ризик; капитал на друштвото за осигурување (основен капитал, резерви на сигурност, дополнителен капитал; пресметка на капиталот на друштвото за осигурување; вложување на капиталот на друштвото за осигурување; прописи за управување со ризик (потребно ниво на маргината на солвентност на друштвата за осигурување кои вршат работи на неживотно осигурување, пресметка на потребното ниво на маргината на солвентност на друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување на живот); гарантен фонд; премија; технички резерви; резерви за преносни премии; резерви за бонуси и попусти; резерви за штети; математичка резерва; еквилизациона резерва; други технички резерви; посебни одредби за осигурување во случај кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот; статистички стандарди во осигурувањето; управување со ликвидност; пресметување и контрола; забрана за распределба на добивка; мерки на органот на управување за обезбедување потребното ниво на маргината на солвентност.

Доверливост на податоците; обврска за чување на доверливи податоци; прибирање, чување и користење на лични податоци; овластени актуари (независност во работењето на овластениот актуар, деловни книги и извештаи (водење на трговски книги и составување на деловни биланси); внатрешна ревизија (работи на внатрешната ревизија, лица вработени во внатрешната ревизија); ревизија (ревизија на годишни сметки, известување до Агенција за супервизија на осигурување, содржина на ревизорскиот извештај и објавување на ревизорскиот извештај).

Задолжителното осигурување; идентификација на имателот на полисата; право за поднесување на барање за надомест на штета; склучување на нов договор за осигурување во случај на одземање на дозволата за вршење работи на осигурување во

| | | |
|---|---|---|
| | класите на задолжително осигурување; осигурување на патници во јавен превоз од последици на несреќен случај - незгода ( договор за осигурување на патници во јавен превоз, минимални суми на осигурување ); осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица (договор за осигурување од автомобилска одговорност, исклучоци од правото на надомест на штета, право на суброгација, обврски спрема правни лица кои вршат работи на здравствено, инвалидско или пензиско осигурување, промена на сопственоста на моторно возило, промена на регистарските податоци на моторно возило, минимални суми на осигурување); меѓународна исправа за осигурување од автомобилска одговорност (презентирање на доказ за склучен договор за осигурување, задолжително гранично осигурување, надомест на штети предизвикани од странски моторни возила).<br>Статус на Агенција за супервизија на осигурување; надлежности на Агенцијата статут на Агенцијата; одговорност на Агенцијата; органи на Агенцијата заштита на доверливи податоци; средства за работа на Агенцијата (резервен фонд на Агенцијата, покривање на загуба, финансиски извештаи и финансиски план на Агенцијата); извештај за состојбата на пазарот на осигурување; годишен извештај;<br>Супервизија на друштвата за осигурување; спроведување на супервизија; редовно известување и известување на барање на Агенција за супервизија на осигурување; мерки на супервизија; отстранување на незаконитостите (наредба за отстранување на незаконитостите, извештај за отстранување на незаконитостите, одредување на дополнителни мерки); одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување (причини за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување, условно одземање на дозволата за вршење работи на осигурување). | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини.<br>Наставната методологија која ќе се употреби за студискиот програм по Осигурување ги опфаќа подготовките на студентот за предавања како и учеството на студентот во активностите на предавањата, а посебно учеството при анализирање случаи, дискутирање на разни правни концепти, и предлагање решенија за сложени правни проблеми на кои ќе се работи. Ќе се поттикнува критичкото размислување, и прозивањето по случаен избор ќе придонесе кон посериозна подготовка за предавањата.<br>На предавањата на семинари и со посета на друштвоа на осигурување, брокери, осигурителни брокерски |

| | | |
|---|---|---|
| | | друштва, Агенцијата за сујспевизија на осигурувањето студентите ќе имаат можност да се запознаат со методологијата на правната истрага, и ќе им се посочат референтни извори кои ќе ги користат за нивното истражување. Овие семинари, како и предавањата, ќе бидат отворени за дискусии и учество на студентите |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6 ЕКТС = 150 часа |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 бода |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик/Англиски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

| | | |
|---|---|---|
| **22.** | **Литература** | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** |

| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.** | проф.д-р. Тито Беличанец | Осигурување според Законот за супервизија на осигурувањето | Правен факултет “Јустинијан Први“ | 2010 |
| | | **2.** | проф.д-р. Александар Николовски | Осигурување во бизнисот | Економски факултет, УКИМ, Скопје | 2010 |
| | | **3.** | проф.д-р. Александар Николовски | Прирачник за начинот на спроведување супервизија на друштвата за осигурување и субјектите на пазарот на осигурување | Економски факултет, УКИМ, Скопје | 2009 |
| | | **4.** | | Закон за супервизија на осигурувањето | Службен весник на Република Македонија | 27/2002, 98/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 112/2011, 188/2013, 30/2014, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016 |
| | | **5.** | | Закон за задолжително осигурување во сообраќајот | Службен весник на Република Македонија | 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011, 135/2011, 112/2014, 145/2015 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **6.** | Werner Pfennigstorf | Public Law of Insurance<br>(превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Brill/Nijhoff | 2015 |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | проф.д-р. Тихомир Јовановски | Економика на осигурување | Еуро-мак Компани, Скопје | 2005 |
| | | **2.** | Милошевиќ, Д-р Братислав | Вовед во осигурувањето | Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола Факултет за туризам и угостителство-Охрид, Охрид | 2006 |
| | | **3.** | Косаркоска, Д-р Деса | Менаџмент контрола-Контолинг-Со анализа на ризик и финансиски перформанси во осигурителни компании | Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола Факултет за туризам и организациони науки-Охрид, Охрид | 2006 |
| | | **4.** | Фотов, Д-р Ристо | Осигурување | Европски Универзитет-Република Македонија-Скопје Факултет за економски науки | 2006 |
| | | **5.** | Воган Емет, Воган Тереза | Основи на ризикот и осигурувањето, осмо издание | | 2009 |
| | | **6.** | Национална групација за осигурување АД" | Првилник за формирање технички резерви за неживотни | Национална групација за осигурување АД" | 2008 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Осигурителна полиса" | осигурувања и политика за управување со средствата | Осигурителна полиса" - Скопје | |
| | | 7. | Helmut Heiss, Mandeep Lakhan | Restatement of European Insurance Contract Law | European Law Publishers | 2011 |
| | | 8. | Pierpaolo Marano<br>Ioannis Rokas<br>Peter Kochenburger | The "Dematerialized" Insurance<br>Distance Selling and Cyber Risks from an International Perspective | Springer | 2016 |
| | | 9. | Meinrad Dreher | Treatises on Solvency II | Springer | 2015 |
| | | 10 | Olivia Johanna Erdélyi | Twin Peaks for Europe: State-of-the-Art Financial Supervisory Consolidation<br>Rethinking the Group Support Regime Under Solvency II | pringer | 2016 |